# КАТЕДРА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ПРИВАТНА БЕЗБЕДНОСТ

Факултетот за безбедност е високообразовна и научно-истражувачка институција која спроведува високообразовна, научно-истражувачка и применувачка дејност во областите на безбедносните науки, криминалистиката, криминологијата, полициските и другите сродни науки.




Со реализирањето на  студиските програми, Факултетот за безбедност ја заокружува својата физиономија на наставно-научна и истражувачка институција од областа на безбедноста и борбата против криминалитетот и другите општествено негативни појави, со што ги оправдува општествените потреби од истата.

Како дел од организациската поставеност во рамките на Факултетот егзистира Катедрата за безбедност и приватна безбедност. Задачи на оваа катедра се да ги следат, надополнуваат, дефинираат и истражуваат безбедносните појави и процеси и врз основа на востановени научни методи и средства да понудат, претпостават и имплементираат соодветни теоретски и практични решенија.

Специфика е што го имаме делот на приватната безедност, кој како посебен дел од науката за безбедноста е присутен единствено на нашата  институција. Во тие рамки, припадниците на оваа катедра, секој во својата област на истражување, зафаќаат дел од остварувањето на безбедноста во приватниот сектор. Преку тоа се постигнува ефект на поттикнување и натамошно развивање на научната мисла во овие области, како основен предуслов за ефикасна организација и ефективност во борбата против криминалитетот и општествено негативните појави и тенденции, како и постигнување на оптимално ниво на безбедност и  заштита на општествените и личните вредности на граѓаните.

Ангажманот на наставничкиот и соработничкиот кадар од оваа катедра се во функција на оспособување на високостручни и компетентни кадри за работа во институции и служби од соодветната област, како и научно-истражувачка и наставно-образовна работа во областите на безбедносните и криминалистичко-криминолошките и полициските науки.

Поради разноликоста на појавните облици и специфични форми на загрозувањето на безбедноста, во рамки на научниот пристап, заради остварувањето и одржувањето на безбедноста потребно е мултидисциплинарно согледување на проблемите и настаните. Таквиот пристап бара и разноликост на профил на кадар, што, на наше задоволство, е присутно на нашата институција. Составот на Катедрата е од посебно респектирани и препознатливи научни работници, искусни практичари кои се ангажирани и на оспособување на нашите помлади кадри. За одредени специфични предметни програми се ангажираат и професори од други институции.

Во состав на Катедрата за безбедносни науки и приватна безбедност се: ред. проф. д-р Томе Баткоски, ред. проф. д-р Борис Мургоски, вон. проф. д-р Злате Димовски (Раководител), вон. проф. д-р Марина Малиш Саздовска, вон. проф. д-р Марјан Николовски, вон. проф. д-р Драгана Батиќ, вон. проф. д-р Саше Герасимоски, доц. д-р Татјана Гергинова, доц. д-р Раде Рајковчевски, доц. д-р Марјан Ѓуровски (Секретар) и доц. д-р Ице Илијевски.